Република Македонија
Државна изборна комисија

# З А П И С Н И К
## ОД 66 –ТАТА СЕДНИЦА
## НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 7 МАРТ 2014 ГОДИНА

# ЗАПИСНИК
## од шеесет и шестата седница на Државната изборна комисија

Шеесет и шестата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 7 март 2014 година ( петок ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:15 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

## ДНЕВЕН РЕД

**1.Предлог Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 6 март - 27 април 2014 година;**

**2.Предлог Јавен повик за објавување на огласи во странски весници за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година;**

**3.Предлог Одлука за важење и применување на обрасците за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година;**

**4.Предлог Образец број 8 – Договор за коалицирање, Предлог Образец број 9 – Записник од влечење ждрепка и Предлог Образец број 17 гс/1 – Посебен записник ( ДКП) ;**

**5.Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии;**

**6.Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**

**7.Одлука за утврдување на бројот на избирачкото место за гласање на членовите на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во ДКП, односно конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство и**

**8.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.

Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред за 66 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Предлог Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 6 март - 27 април 2014 година;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, соопшти дека ДИК званично во текот на вчерашниот ден доби од Претседателот на Собранието на Република Македонија Решение за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија и од вчерашниот ден почнаа да течат роковите за избор на пратениците. Изборите ќе се одржат на 27.04.2014 година.ДИК сега ќе спроведува паралелни дејствија и за Претседателските и за Парламентарните избори.

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кој кажа дека согласно Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, Претседателот на Собранието на Република Македонија кажа дека ДИК има капацитет да ги разреши сите нејаснотии и проблеми кои ќе се појават во текот на кампањата и ќе донесе законско и соодветно решение.Кампањата за предвремени Парламентарни избори се поклопува со молкот за Претседателските избори кој е на 12 и 13.04.2014 година. ДИК со консензус донесе решение кампањата за предвремените Парламентарни избори, која треба да започне 20 дена пред денот на изборите, а со оглед дека на 12 и 13.04.2014 година е времето на молк за Претседателските избори, се поместува за два дена порано и наместо да започне на 7.04.2014 година кампањата ќе започне на 5.04.2014 година.Со ова решение ДИК обезбедува кампања од 20 дена и за Претседателските и за Парламентарните избори. Смета дека ДИК донесе правична одлука.

За збор се јави Влатко Сајкоски, Член на ДИК кој го искажа задоволството на работата на ДИК која на професионален и законски начин изнајде решение кое е во интерес на сите учесници на изборите и кое е лесно применливо во овие два изборни циклуса. Наброја поважни датуми во Роковникот како што е започнување на јавниот увид на 16.03.2014 год. кој трае до 30.03.2014 год. Ждрепката за утврдување на единствената листа на кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ДИК ќе ја одржи на 5.04.2014 година. Во ДКП на РМ гласањето ќе се одржи на 26.04.2014 год и др.

За збор се јави Виолета Дума,Член на ДИК која сакаше да потенцира дека ДИК во овој случај кога се распишуваат два вида на избори Претседателски и Парламентарни за прв пат ДИК се судира со вакви избори, ДИК изнајаде најдобар и најпогоден начин за кој се согласија сите членови на ДИК и кампањата и за Претседателски и за Парламентарни избори во траење од 20 дена ќе си остане.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, кој кажа дека е добро што ДИК вака се организира и за прв пат во вториот круг на Претседателските избори ќе се гласа и за Парламентарните избори. Нема измени и дополнувања на Изборниот законик за ова поместување на кампањата за два дена за време на молкот, за тоа ДИК реши. И нашите граѓани кои живеат во странство до 30.03.2014 година можат да се пријавуваат за гласање. Дава согласност на овој Предлог Роковник.

Дискусиите се завршија и Предлог Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 6 март - 27 април 2014 година, е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија 6 март - 27 април 2014 година.**

**Точка 2:**
**Предлог Јавен повик за објавување на огласи во странски весници за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година;**

Во врска со оваа точка објаснување даде Влатко Сајкоски, Член на ДИК. Се работи за јавен повик на граѓаните од Република Македонија кои се во странство дека гласањето во Изборните единици 7, 8 и 9 ќе се одржи на 26.04.2014 година. Се повикуваат граѓаните од Република Македонија кои се во странство и кои сакаат да го остварат своето избирачко право, да извршат увид во посебните изводи од Избирачкиот список во просториите на ДКП и конзуларните канцеларии на Република Македонија во период од 16.03.2014 година до 30.03.2014 година. Во период од 6 до 30.03.2014 година нашите сограѓани ќе поднесат пријави за гласање до ДИК по електронска пошта или до ДКП на Република Македонија.

Бедредин Ибраими,Член на ДИК, праша дали ДИК достави до Министерството за внатрешни работи барање за доставување на последни ажурирани податоци за бројот на граѓаните кои ги исполнуваат условите за гласање.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски одговори дека е вчера испратено такво барање за доставување на податоци за евиденција во Избирачкиот список и ЦД треба да се добие во текот на денешниот ден од МВР .

Никој друг не побара збор и Предлог Јавниот повик за објавување на огласи во странски весници за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година е ставен на гласање.

**7 членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Јавниот повик за објавување на огласи во странски весници за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година.**

**Точка 3:**
**Предлог Одлука за важење и применување на обрасците за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година;**

Бедредин Ибраими,Член на ДИК даде објаснување во врска со оваа точка. Во ДИК веќе е воведена пракса во однос на примената на Изборниот законик да се носат Обрасци и овие Обрасци се донесени уште во 2011 година за предвремените Парламентарни избори. Предлага да важат Обрасците и за овие предвремени Парламентарни избори. Ако во некој Обрасци има измени ќе се усвојат дополнително, а оваа Одлука за важење и применување на обрасците за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои важеле и во 2011 година ДИК треба сега да ја усвои.

Никој друг не побара збор и Предлог Одлуката за важење и применување на обрасците за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2014 година е ставена на гласање.

**Во моментот се присутни 6 членови на ДИК кои се произнесоа " ЗА " усвојување на Одлуката за важење и применување на обрасците за спроведување на предвремените избори за пратеници во Собранието на**

**Република Македонија, 2014 година. Одлуката е составен дел на овој записник.**

**Точка 4:**
**Предлог Образец број 8 – Договор за коалицирање, Предлог Образец број 9 – Записник од влечење ждрепка и Предлог Образец број 17 гс/1 – Посебен записник ( ДКП) ;**

Бедредин Ибраими,Член на ДИК даде објаснување дека овие Обрасци се однесуваат за олеснување на работата за учесниците во овие избори. Со овие Обрасци сите учесници во изборите имаат терк на Договорот за коалиција кој треба да го пополнат и да го достават до ДИК. Исто е и со Предлог Образецот број 9 – Записник од влечење ждрепка и Предлог Образец број 17 гс/1 – Посебен записник ( ДКП). Сите овие Обрасци се во склад со Изборниот законик. Предлага вака да се усвојат.

Никој друг не побара збор и Предлог Образецот број 8 – Договор за коалицирање, Предлог Образецот број 9 – Записник од влечење ждрепка и Предлог Образецот број 17 гс/1 – Посебен записник ( ДКП) се ставени на гласање.

**6 членови на ДИК се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Образецот број 8 – Договор за коалицирање, Образецот број 9 – Записник од влечење ждрепка и Образецот број 17 гс/1 – Посебен записник ( ДКП).**

**Точка 5:**
**Разгледување на барањата за разрешување на претседател, членови и нивни заменици од Општинските изборни комисии;**

Претседателот на ДИК му даде збор на Бедредин Ибраими по оваа точка.

Бедредин Ибраими,Член на ДИК, според Листата подготвена од службата, ги прочита сите членови на ОИК кои бараат разрешување доставени до ДИК до 06.03.2014 година.

Од предложената Листа на членови на ОИК кои бараат изземање од вкупно 10 лице нема да бидат изземени 2 лица и тоа: Фатмир Авмедовски – член на ОИК Центар Жупа и Глигор Коцев – заменик Претседател на ОИК Гратско поради тоа што не ги исполнуваат законските услови за изземање. За останатите 8 членови на ОИК барањата за разрешување се усвоени и ќе се врши Случаен избор.

**Точка 6:**
**Случаен избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии;**

Започна спроведувањето на случајниот избор за именување на претходно разрешените претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии ( точка 5 од дневен ред ) во согласност со Изборниот законик водејќи сметка за процентот и застапеноста врз основа на национална и полова припадност, на ново избраните лица.

**Комисијата по пат на случаен избор изврши избор на 8 претходно разрешени претседатели, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии, врз основа на што да се донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуките за формирање на Општинските изборни комисии. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 7:**
**Одлука за утврдување на бројот на избирачкото место за гласање на членовите на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во ДКП, односно конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство;**

Претседателот на ДИК,Никола Рилкоски, кажа дека со оваа Одлука се утврдува бројот на Избирачкото место во седиштето на ДИК и тоа е ИМ 5050 со функција да гласаат сите членови на ИО кои го спроведуваат гласањето во ДКП. Гласањето ќе биде спроведено три дена пред денот на изборите за Претседател на Република Македонија.

Никој друг не побара збор и Одлуката за утврдување на бројот на избирачкото место за гласање на членовите на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во ДКП, односно конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство е ставена на гласање.

**Во моментот се присутни 5 членови на ДИК кои се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Одлуката за утврдување на бројот на избирачкото место за гласање на членовите на Избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето во ДКП, односно конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство. Одлуката е составен дел на овој Записник.**

**Точка 8:**
**Разно.**

За дискусија по точката “Разно“ не се јави никој за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и шестата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**66-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 13:20 часот.**

**Број** 07-778/12
11.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**